# ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

OSCE
Organization for Security and Co-operation in Europe
Presence in Albania

ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Тирана 2011

ПРЕВОД: ОБСЕ Албанија 2011. Ова е неофицијален превод

**Оваа публикација ја овозможија:**

Organization for Security and Co-operation in Europe
Presence in Albania

**ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА**

**ПРИСУСТВО ВО АЛБАНИЈА**

**Шератон Тирана Хотел,**

**1ви кат**

**Плоштад “Италија”**

**1010 Тирана - Албанија**

**www.osce.org/albania**

*Драги граѓани,*

Собранието на Република Албанија, на 04.02.2010 го усвои Законот бр. 10 221, "за заштита од дискриминација".

Согласно овој Закон, Комесарот за заштита од дискриминација беше основан како институција, која самостојно ги извршува нејзините овластувања и обезбедува ефикасна заштита од дискриминација и секаков вид на однесување кое предизвикува или поттикнува дискриминација поради пол, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, родов идентитет, сексуална ориентација, политички, религиозни или филозофски убедувања, економска, образовна или социјална состојба, бременост, родителство, родителска одговорност, возраст, семејна или брачна состојба, граѓански статус, живеалиште, здравствена состојба, генетски предиспозиции, попреченост, припадност на одредена група, или поради било која друга причина.

Собранието на Република Албанија со Одлуката бр. 33, од 22.04.2010 "за именување на Комесар за заштита од дискриминација", ја именуваше г-а Бараку за оваа позиција, и со Одлуката бр. 34, од 20.05.2010 "за одобрување на структурата, персоналот како и класификација на работата на канцеларијата на Комесарот" ги усвои структурата, персоналот како и класификацијата на работа на канцеларијата на Комесарот, и со тоа го овозможи отпочнувањето со работа и функционирањето и на оваа канцеларија.

Воспоставувањето на оваа институција преставуваше иницијатива на граѓанското општество, кое го подготви нацрт Законот, како резултат на барањата на ЕУ во врска со чекорите кои Албанија треба да ги превеземе во насока на напредок во процесот на Европски интеграции, и преставуваше одраз на ангажирањето на албанските власти во поглед на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата.

Активноста на Комесарот се спроведува преку разгледување на жалбите на субјектите кои тврдат дека се жртви на дискриминаторско однесување или однесување кое предизвикува или поттикнува дискриминација, а кои се поднесени не само од страна на јавната администрација туку и од приватните субјекти. Исто така, Комесарот спроведува административни истраги после добивање на доверливи информации за кршење на Законот, спроведува истражувања, и го следи нивото до кое се спроведува Законот. Процедурите за административна истрага ги следат препораките и санкциите согласно Законот, доколку истите не се спроведуваат. Сето ова е придружено со активности чија цел е да се информира и подигне свеста на заедницата, органите на јавната администрација и приватните субјекти во правец на промоција на принципите на еднаквост и анти-дискриминација.

***Ирма Бараку***
*Комесар за заштита од дискриминација*

**ЗАКОН**
**Бр. 10 221, датум 4.2.2010**
**ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА[1]**

Во согласност со член 18, 78 и 83 точка 1 од Уставот на Република Албанија, на предлог на група пратеници,

**СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА**

**О Д Л У Ч И:**

## ГЛАВА I
## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет

Со овој Закон се уредува примената и почитувањето на начелото на еднаквост врз основа на пол, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, род, сексуална ориентација, политичко, религиозно или филозофско убедување, економска состојба, образование или социјална состојба, бременост, потекло на родители, одговорност на родители, возраст, семејна или брачна состојба, граѓански статус, живеалиште, здравствена состојба, генетски предиспозиции, ментална и телесна попреченост, припадност кон одредена група или која било друга основа.

### Член 2
### Цел

Целта на овој закон е на сите лица да им обезбеди право на:

а) еднаквост пред законите и еднаква заштита со закон;

б) еднакви можности и овозможување на примена на правата, уживање на слободите и учество во јавниот живот;

в) ефективна заштита од дискриминација и од секој облик на однесување којшто поттикнува дискриминација.

### Член 3
### Дефиниција

1. “Дискриминација” претставува секое разликување, исклучување, ограничување или предност

* Објавено во Службен Весник бр. 15, датум 25 Февруари 2010

[1]потполно во согласност со :

1. 32000L0043, Директивата на советот 2000/43/ЕС од 29 јуни 2000 “За принципите на еднакво третирање на луѓето без разлика на нивната расна или етничка припадност”.
2. 32000L0078, Директивата на советот 2000/78/ЕС од 27 ноември 2000 “Основање на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и професијата”.
3. 32004L0113, Директивата на советот 2004/113/ЕС од 13 декември 2004 “Имплементирање на принципот на еднаков третман помеѓу мажот и жената во пристапот и набавката на добрата и услугите”.
4. 32006L0054, Директива на Европскиот Парламент и на Советот 2006/54/КЕ од 5 јули 2006 „За имплементација на принципот за еднакви можности и еднаков третман на мажите и жените во областа на вработувањето и професијата“.

поради која било основа наведена во член 1 од овој закон, кое има за цел или за последица отежнување или оневозможување на примената на правата на ист начин како и за другите лица, на основните права и слободи признати со Уставот на Република Албанија, со меѓународните договори ратификувани од Република Албанија како и со законите.

2. "Директна дискриминација" претставува форма на дискриминација која се појавува кога со лице или група на лица се постапува на помалку поволен начин од друго лице или група лица во иста или слична ситуација, по некоја од основите наведени во членот 1 од овој закон.

3. "Индиректна дискриминација" претставува форма на дискриминација која се појавува кога некоја одредба, мерка или практика, која што навидум е непристрасна, ќе постави некое лице или група лица во понеповолна положба по некоја од основите наведени во член 1 од овој закон, во споредба со друго лице или група на лица и кога таа одредба, мерка или практика не е објективно оправдана од легитимна цел, или кога средствата за постигнување на таа цел не се соодветни или не се суштински и во еднаков размер со причините кои што ја предизвикале.

4. "Дискриминација поради здружување" претставува форма на дискриминација која се појавува кога има разликување, ограничување или предност поради здружување со лица кои припаѓаат на групите наведени во член 1 од овој закон, или поради претпоставка за такво здружување.

5. "Вознемирување"[2] е форма на дискриминација која се појавува во случај на несакано однесување, кое е поврзано со било која од причините наведени во член 1 од овој закон, кое има за цел или чиј ефект е да го повреди достоинството на одредено лице и да создаде заплашувачка, непријателска, омаловажувачка, понижувачка или навредлива средина за тоа лице, како и во случај на помалку поволно постапување како резултат на приговор или од страна на засегнатото лице.

6. "Инструкции да дискриминира" е инструкција или барање засновано на хиерархиска основа, со цел да се дискриминира едно или повеќе лица по некоја од основите наведени во член 1 од овој закон.

7. "Одбивање разумно прилагодување" е форма на дискриминација која се појавува кога има некое одрекување или одбивање да се направат основни и соодветни правила или измени кои се неопходни во одредени случаи и не претставуваат прекумерен товар, за да се осигури уживање и примена на еднаква основа на основните права и слободи за лицата со ментална и телесна попреченост или кои се појавиле по некоја од основите наведени во член 1 од овој закон.

8. "Виктимизација" е неповолно постапување кон едно лице или трпење штетни последици, заради тоа што лицето поднело жалба или повело постапка за имплементација на принципот на еднаквост.

9. "Организации со легитимен интерес" се организации регистрирани во Република Албанија, кои како предмет на нивното работење ја имаат заштитата на човековите права или нудат помош на жртвите на дискриминација.

## Член 4
## Субјекти

1. Со овој закон се опфатени сите лица кои живеат и престојуваат на територијата на Република Албанија.

2. Албанските државјани со привремено или постојано живеалиште надвор од границите на Република Албанија уживаат заштита согласно овој закон во врска со постапувањето на државните органи на Република Албанија.

3. Физичките и правни лица со живеалиште, престојувалиште или седиште надвор од територијата на Република Албанија ја уживаат заштитата согласно овој закон во врска со постапувањето на државните органи на Република Албанија.

## Членот 5
## Забрана на дискриминација

2 Пр. забелешка: Албанскиот збор преведен тука (shqetësim) има голем број на слични значења; концептот на кој што се мисли за "(сексуално) вознемирување". Законот за "Полова еднаквост во општеството" (бр.9970 од 24 јули 2008) има две различни дефиниции во оваа област: едниот го користи овој збор (со придавката сексуално), а другиот користи различен збор со посилна конотација (ngacmim), кој често е преведуван како "вознемирување". За да се направи разлика, јас го преведов „shqetësim" како "вознемирување".

1. Дискриминација е забранета за основите наведени во членот 1 од овој закон и неуспехот да се испита жалба или постапка по случаите наведени во членот 3 од овој закон, како и за секоја друга форма на однесување која ја загрозува примената на начелото на еднакво постапување.
2. Одбивање на прилагодување и модификации кои што се соодветни и потребни за лицата со ментална и телесна попреченост претставува дискриминација.

**Член 6**
**Исклучоци од дискриминација**

1. Забраната на дискриминација пропишана со овој закон не се однесува на случаи кога постои објективно оправдана цел според Уставот, меѓународните документи или договори ратификувани од страна Република Албанија и законите на Република Албанија.
2. Различното постапување врз основа на карактеристики кои се однесуваат на која било од основите наведени во членот 1 од овој закон не претставува дискриминација кога поради природата на професионалните активности или условите под кои се одвива некоја активност или професија, тие карактеристики претставуваат суштински, стварен и професионален услов, под услов целта на различните постапувања да биде легитимна и барањата да не го пречекоруваат потребното ниво за реализација.

**Член 7**
**Заштита од дискриминација**

1. Секое дејствие или не преземање дејствие на јавните власти или на физичките и правните лица кои учествуваат во приватниот или јавниот сектор и живот, кои создаваат основи за неспроведување на начелото на еднаквост во однос на лица или групи на лица, или кои ги изложуваат на нееднакво, неправично постапување кога се наоѓаат под исти или слични околности во споредба со други лица или групи на лица претставува дискриминација.
2. Елиминирање на сите привилегии и на неправична дискриминација е гарантирана за секого, согласно личните, политичките, економските, социјалните и културните права гарантирани со Уставот на Република Албанија, меѓународните акти ратификувани од страна на Република Албанија и согласно законите.

**Член 8**
**Дискриминирачки реклами**

Објавувањето на реклами и соопштенија е забрането доколку тие директно или индиректно, на разбирлив начин имаат за цел да дискриминираат согласно основите наведени во членот 1 од овој закон.

**Член 9**
**Учество во политиката**

Дискриминација во однос на остварување на правото на глас, да се биде избран и назначен на јавна функција согласно основите наведени во член 1 од овој закон е забранета.

**Член 10**
**Свест и религија**

1. Забранета е дискриминација во врска со остварување на правото на слобода на свест и религија, особено нивното индивидуално или колективно изразување, во јавен или приватен живот, преку обожување, едукација, применување или изведување на ритуалите.
2. Исклучок од ова правило може да се дозволи само кога постои основана и објективно оправдана причина. Дискриминацијата поради примена на слободата на свест и религија може да се наметне исклучиво со закон за јавен интерес или за заштита на правата на други лица. Исклучокот од

оваа причина треба да биде пропорционален со ситуацијата која што ја наметнала потребата од дискриминација. Во секој случај, дозволата за дискриминација поради примена на слободата на свест и религија не може да ги прекрши основните права и слободи на граѓаните и во ниту еден случај не смее да ги пречекори забраните кои се предвидени во Европската конвенција за човекови права.

**Член 11**
**Позитивни мерки**

Привремена мерка која што има за цел забрзување на вистинското остварување на начелото на еднаквост, кога е создадена не еднаквост заради дискриминација по некоја од основите наведени во членот 1 од овој закон, се смета како позитивна мерка и не претставува дискриминација согласно одредбите на овој закон. Мерката ќе запре веднаш по постигнување на целите и постигнување еднакви можности.

## ПОГЛАВЈЕ II
## ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

**Член 12**
**Забрана за дискриминација**

1. Дискриминација против лице во врска со остварување на правото на вработување е забранета. Дискриминација подразбира секоја поделба, ограничување или исклучување согласно причините од членот 1 од овој закон, а меѓу другото и при:
   а) Објавување на слободно работно место;
   б) Примање и избор на вработени;
   в) Однесување кон вработените на работно место, вклучително и однесување при воспоставување и промена на условите за работа, исплаќање на оштета и надоместоци, во работната средина, однесување при професионални обуки или при дисциплински постапки како и при отпуштање од работа или поништување на договор за работа;
   г) Учество во работнички синдикати и можностите за привилегии кои се обезбедуваат при ваквото учество.
2. Забранет е секаков вид на вознемирување, вклучително и сексуално вознемирување од страна на работодавач во однос на вработен, кандидат за работа или помеѓу вработени.
3. Употребата на посебни и привремени мерки согласно причините наведени во член 1 од овој закон, а заради подобрување на квалитетот на работењето, нема да се смета за дискриминација. Употребата на ваквите мерки не смее во никој случај да значи одржување на нееднакви или различни стандарди на трајна основа, а посебните мерки ќе се прекинат кога ќе се постигне целта на обезбедување еднакви можности и постапување.

**Член 13**
**Обврски на работодавачот**

1. Работодавачот има обврска да:
   а) го примени, заштити и поттикне принципот на еднаквост, како и да забрани секаков облик на дискриминација;
   б) преземе потребни мерки вклучително и дисциплински мерки за да ги заштити вработените од дискриминација и виктимизација, во рок од еден месец откако ќе дознае за истите;
   в) одговори ефикасно и во согласност со овој закон на поплаките за дискриминација во рок од 1 (еден) месец откако ќе ги прими истите.
2. Работодавачот е исто така обврзан да работи на подигнување на свеста за овој закон, со негово истакнување на јавни места во работната средина, како и да обезбеди услови за целосно негово разбирање, со сопствени средства или со помош на специјализирани правни лица.

**Член 14**
**Обврските на Советот на Министри, Министерот за труд, социјални работи и еднакви можности и Министерот за внатрешни работи**

Советот на министри, Министерот за труд, социјални работи и еднакви можности и Министерот за внатрешни работи, секој одделно, се одговорни за преземање на позитивни мерки за борба против дискриминацијата во однос на правото на вработување. Меѓу другото, се преземаат следниве мерки:

а) подигање на свеста на вработените и работодавачите преку прибирање на информации за овој закон;

б) воспоставување на посебни и привремени мерки, согласно причините наведени во членот 1 од овој закон, со цел поттикнување на еднаквоста меѓу мажите и жените, помеѓу целосно физички способните лица, како и помеѓу лицата со одредена ментална и телесна попреченост.

**Член 15**
**Права на работникот**

1. Секој вработен има право да поднесе жалба до неговиот работодавач, до Комисијата за заштита од дискриминација или до судот, ако смета дека трпи дискриминација. Оваа одредба не го ограничува правото на жалба до посебни институции кои се во рамки на различни сектори од вработувањето.

2. Додека се разгледува жалбата, вработениот има право да продолжи со работа, согласно условите од договорот.
3. Во секое време, вработениот има право на информации во врска со жалбата, како и да добие објаснување за одлуката на работодавачот како одговор на неговата жалба, веднаш откако истата ќе биде разгледана.
4. Ако работодавачот не преземе мерки за да ја испита и разреши поплаката за дискриминација, вработениот кој ја поднел истата има право да прекине со работа, без да го изгуби правото на исплата на плата, онолку долго колку што е потребно за да се заштити себеси од дискриминација. Согласно овој член, доколку со правосилна одлука не се докаже дека имало дискриминација како што се тврдело, вработениот ќе врати дел од исплатените средства.

**Член 16**
**Примена на законот на само вработени лица**

Одредбите од поглавјето 2 од овој закон се применуваат и во врска со условите за прифаќање во одредена професија, како и при добивање дозвола за вршење работа, а особено во случаи на само вработување.

## ПОГЛАВЈЕ 3
## ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА НА ПОЛЕТО НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Член 17**
**Заштита од дискриминација**

1. Дискриминација подразбира секоја поделба, ограничување или исклучување согласно причините наведени во членот 1 од овој Закон, а меѓу другото поврзано и со:
   а) создавање јавни и приватни институции кои нудат образовни и професионални услуги;
   б) финансирање јавни институции кои нудат образовни и професионални услуги;
   в) содржина на одредбите и критериумите на образовните активности, вклучително и наставните програми и наставните методи.
2. Забрането е на лице или на група на лица да им се одбие пристап до јавни образовни

институции, согласно причините наведени во членот 1 од овој закон.

3. Секаков вид на вознемирување е забрането, особено вознемирување на студенти, ученици и вработени во образовни институции.
4. Употребата на посебни и привремени мерки согласно причините од член 1 од овој Закон, заради поттикнување на еднаквоста во образованието нема да се смета за дискриминација. Употребата на ваквите мерки во никој случај не треба да значи постојано одржување на нееднакви или различни стандарди, а овие мерки ќе се прекинат кога ќе се достигне условот за обезбедување на еднакви можности и постапување со сите.

**Член 18**
**Должности на Советот на министри и на министерот за образование и наука**

1. Советот на министри и министерот за образование и наука секој поединечно се одговорни за преземање на позитивни мерки со цел борба против дискриминацијата во областа на образованието.

2. Советот на министри и министерот за образование и наука меѓу другото треба секој одделно да преземат мерки за:
   а) подигање на свеста во образовниот систем за овој закон, со воведување информации во наставните програми;
   б) воведување на концепти и дела против моделите на дискриминаторско однесување во наставните програми;
   в) образување на целата популација, поконкретно преку преземање на мерки во прилог на жените и девојките, малцинствата, лицата со ментална и телесна попреченост, како и лицата кои се или се во состојба да бидат предмет на дискриминација согласно причините наведени во член 1 од овој Закон;
   г) почитување и осигурување на правото на образование на јазикот на малцинството, како и обезбедување на соодветни услови за лицата со ментална и телесна попреченост.

**Член 19**
**Должности на директор на образовна институција**

Директор на образовна институција е должен да преземе позитивни мерки во конкретната институција со цел борба против дискриминација, а согласно правото на образование. Помеѓу другите мерки кои се преземаат се и следните:

а) подигање на свеста за законот во рамки на институцијата, меѓу другото и со објавување на законот на видливо место;
б) борба против моделите на дискриминаторско однесување кое е востановено или поттикнува дискриминација во институцијата;
в) преземање на потребните мерки, вклучително и дисциплински мерки за заштита на вработените од дискриминација и виктимизација, во рок од еден месец од добивање на информацијата за наводна дискриминација;
г) ефикасно постапување со жалби и поплаки за дискриминација во институцијата, со разгледување на секоја од нив во рок од 30 дена од нејзиното доставување;
д) примена на дисциплински мерки за секое лице за кого е докажано дека извршил дискриминаторски чин кога такво нешто е соодветно, пропорционално и во согласност со надлежностите на директорот.

## ПОГЛАВЈЕ IV
## ЗАБРАНА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА
## НА ПОЛЕТО НА СТОКИ И УСЛУГИ

### Член 20
### Стоки и услуги

1. Се забранува на физичко или на правно лице кое нуди стоки и услуги на јавноста, со плаќање или без плаќање, да дискриминира друго лице кое сака да ги добие или да ги користи истите:

а) со одбивање да му се даде на лице или на група на лица стоки и услуги од причини наведени во членот 1 на овој закон;

б) со одбивање да му се понудат на лице стоки или услуги на сличен начин или со слични квалитети или во услови слични на оние во кои стоките и услугите се понудени на јавноста.

2. Точка 1 од овој член посебно се применува при:.

а) можност да се влезе на места што и се дозволени на јавноста или да се користи место кое е дозволено да се користи од страна на јавноста;

б) можност да се добијат или да се оствари добивка од стоки или услуги кои имаат врска со здравјето;

в) придобивка и можност да се профитира од стоки од спектарот на социјална заштита, како што се социјална помош, социјално осигурување, заштита на деца, придобивки за хендикепирани лица или други придобивки од социјалната заштита или други предности кои и се нудат на јавноста;

г) можност да се влезе или да се оствари добивка од образовна институција;

д) систематизација на место каде се нуди домување;

ѓ) продавање или изнајмување на домови или други објекти;

е) банкарски услуги и можности од добивање грантови, кредити, банкарски депозити или друго вид на финансирање;

ж) објекти за забава, релаксирање и освежување;

з) објекти за патување и превезување;

ѕ) услуги од слободни професии.

3. Им се забранува на физички и на правни лица кои на јавноста и нудат стоки и услуги да не прифатат или да се спротивстават на реализирање на промените или прилагодувањата кои се потребни и кои се соодветни, а кои имаат за цел овозможување корист од тие стоки и услуги на лицата со ментална и телесна попреченост, до степен до кој измените и прилагодувањата не наметнуваат диспропорционалност или незаконски товар на лицето кое ги нуди стоките и услугите.

4. Одбивањето согласно точка 1 од овој член ги подразбира ситуациите кога одбивањето е согласно основите наведени во членот 1 од овој Закон, а други причини се наведени од лицето што е предмет на дискриминација или како причина за одбивање не се наведени други објаснувања.

5. Разликите при добивки и надоместоци утврдени согласно причините од членот 1 од овој закон, не претставуваат дискриминација тогаш кога разликите се разумни и пропорционални со проценетиот ризик, а врз основа на постојни и статистички податоци кои може да се потврдат и кои директно се поврзани со ризикот.

6. Трошоците поврзани со бременост и период на мајчинството не може да бидат причина за разлики при исплата на надоместоци или придобивки за лицето.

7. Забраната за дискриминација не се применува кај лица на определена возраст, во случај на можност користење на социјални бенефиции, стоки и услуги, ако постојат разумни и објективни критериуми за нивно доделување, а при тоа да не се повреди правото на бенефиции и кога таквото доделување остварува цел од јавен интерес утврдена со закон или да ги заштити правата на други лица, секогаш во правична мерка согласно состојбата која го предизвикала доделувањето.

## ГЛАВА V
## КОМЕСАР ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

### Член 21
### Комесар

1. Комесарот за заштита од дискриминација, обезбедува ефективна заштита од дискриминација и од секој друг вид на однесување што поттикнува дискриминација. Комесарот е јавно правно лице.
2. Комесарот е поддржан од канцеларијата на комесарот за заштита од дискриминација (понатаму: канцеларија). Канцеларијата има персонал и потребна опрема за поддршка на комесарот во исполнувањето на обврските кои му се доделени со закон.
3. Собранието одлучува за платата на комесарот, организационата структура и класификацијата на плати за вработените во канцеларијата на комесарот за заштита од дискриминација. Вработените во оваа служба имаат статус на државен службеник.
4. Комесарот има свој независен буџет, кој е финансиран од државниот буџет и од различни донации.

### Член 22
### Статус

Комесарот е независен во вршење на својата должност и одговара согласно на Уставот и законот.

### Член 23
### Начин на избор на комесарот

1. Комесарот се избира со мнозинство од сите членови на Собранието.
2. Предлозите за кандидати за комесар се предлагаат до Собранието од страна на група пратеници.
3. Пред преземањето на функцијата или пред повторното преземање на функцијата, комесарот дава заклетва пред Собранието.
4. Текстот на заклетвата гласи: „Се колнам дека при извршувањето на должностите, јас секогаш ќе ги штитам принципите на еднаквост во согласност со Уставот и законите на Република Албанија“.

### Член 24
### Услови за избор на комесар

Секој албански државјанин кој ги исполнува следниве услови може да биде избран за комесар:

а) да има високи морални квалитети и истакната активност во заедницата;
б) да има универзитетска диплома;
в) да има истакната активност и знаење од областа на човековите права и слободи и законот;
г) да не е осуден со правосилна одлука за извршување кривично дело;
д) да не биде пратеник во легислатурата на Собранието кое го предлага или го избира.

### Член 25
### Мандат

Комесарот се избира со мандат од пет години, со право само еднаш повторно да биде избран.

### Член 26
### Известување

Комесарот поднесува извештај најмалку еднаш годишно пред комисиите на Собранието. Извештајот вклучува анализа за спроведување на овој закон во целина, како и за работата на комесарот и канцеларијата.

**Член 27**
**Престанок на мандатот**

Мандатот на комесарот престанува кога:

а) ќе истече петгодишниот мандат;
б) е разрешен;
в) ќе поднесе писмена оставка до Собранието;
г) ќе почине.

**Член 28**
**Случаи на разрешување на комесарот од должноста**

1. Комесарот е разрешен од должност само во случаите кога:
   а) е осуден со правосилна судска одлука за извршување кривично дело;
   б) тој е ментално или физички неспособен да ги извршува своите функции;
   в) ќе изврши активност спротивна на одредбите од овој закон, од Уставот или важечкото законодавство.
2. Предлог за разрешување на комесарот се поднесува од страна на најмалку 1/3 од пратениците на Собранието. Одлуката за разрешување на комесарот од должност се носи со мнозинство гласови од сите членови на Собранието.

**Член 29**
**Избор на комесарот**

Собранието избира нов комесар во рок од еден месец по завршување на мандатот на претходниот комесар. По завршување на петгодишниот мандат на комесарот, тој продолжува да ја врши должноста, сѐ до изборот на нов комесар.

**Член 30**
**Неспоивост на функцијата комесар**

На комесарот му е забрането да биде член на политичка организација или партија, да врши политички, државни и професионални дејности и да зема учество во водечките органи на социјални, економски и стопански организации. Комесарот може да врши наставна дејност, како и да објавува литературни и научни трудови, без влијание во вршењето на својата редовна функција.

**Член 31**
**Работно место на комесарот по истек на мандатот**

Со завршување на функцијата во согласност со точките «а» и «б» од членот 27 на овој закон, комесар кој во времето на назначување вршел државна функција или јавна работа, има право повторно да ја врши функцијата или работата која ја имал пред да биде избран за комесар. Кога тоа не е можно, му се обезбедува работа еквивалентна со работата која што ја имал пред неговиот избор на должност комесар.

**Член 32**
**Надлежности**

1. Комесарот е надлежен:
   а) да ги испита поплаките од лица или групи на лица кои тврдат дека биле дискриминирани, како што е предвидено во овој закон;
   б) да ги испита поплаките од организации кои имаат законски интерес да дејствуваат во име и со писмена согласност на поединци или групи на

поединци кои тврдат дека се случило дискриминација;

в) да врши административни истраги по приемот на веродостојни информации за прекршување на овој закон;

г) да воведе административни санкции во согласност со одредбите на овој закон;

д) да го поттикнува принципот на еднаквост и недискриминација, преку: зголемување на свеста и информирање за прашања од оваа област, понуда на писмени информации за овој закон, на албански јазик, на јазикот на малцинствата, како и на начини прифатливи за лицата со ограничени способности;

ѓ) да го следи спроведувањето на овој закон;

е) да спроведе анкети во врска со дискриминација;

ж) да даде препораки до надлежните органи, особено да предложи одобрување на нови закони или пак измена или реформа на постојното законодавство;

з) да објави извештаи и даде препораки за какво било прашање поврзано со дискриминација;

ѕ) да се обрати директно на јавноста за какво било прашање во врска со дискриминација;

и) на барање на судот кој постапува по случајот, да достави писмено мислење за какво било прашање поврзано со дискриминација;

ј) да даде придонес во известувањата и во зависност од случајот, да достави извештаи до меѓународните и регионалните тела;

к) да го застапува подносителот пред правосудните органи во граѓански предмети, со негово одобрување во согласност со точка 3 од член 34 на овој закон;

л) да информира за правото на заштита од дискриминација и за правните средства достапни за оваа заштита;

љ) да одржи редовен дијалог во врска со прашањата на дискриминација со соодветните социјални групи, вклучувајќи ги и невладините организации;

м) да спроведе едукативни и активности за подигање на свеста кои помагаат во спроведување на овој закон.

2. Сите јавни институции и приватни субјекти се должни да го поддржат комесарот во исполнување на своите должности, особено преку доставување на потребните информации побарани од страна на комесарот.
3. За испитување на жалбите упатени до него, комесарот го применува Законот за управна постапка, освен за постапките кои се предвидени со овој закон.
4. Обврската наведена во точка 2 на овој член се исполнува во согласност со Закон бр. 9887 од 10.3.2008 "За заштита на личните податоци".

### Член 33
### Постапка

1. Лице, група лица или организација со легитимен интерес во име на едно лице или група лица кои барат бараат заштита од дискриминација, , може да поднесат жалба пред комесарот, заедно со расположливите докази, во писмена форма или во исклучителни случаи усно, за што се изготвува записник.
2. Организацијата со легитимни интереси поднесува посебен документ за застапување на лицето или групата на лица.
3. Жалбата содржи најмалку:

а) името на подносителот на претставката;

б) објаснување како може да се контактира тужителот;

в) субјектот за кој се верува дека извршил дискриминација или објаснување за неможноста за негово идентификување;

г) образложение за дискриминацијата;

д) мерки кои се бараат од Комесарот;

ѓ) датум и потпис на подносителот на жалбата или на неговиот застапник.

4. Жалбата нема да се прифати, ако:

а) е анонимна;

б) претставува злоупотреба на правото на жалба пред комесарот, или не е во согласност со

одредбите на овој закон;

в) истиот случај се испитува во рамките на друга жалба, или за неа е донесена претходна одлука и нема нови податоци;

г) отворено е неоснована или нема доволно информации за да се спроведе истрага;

д) сите факти кои ја сочинуваат суштината на жалбата се случиле пред влегувањето во сила на овој закон;

ѓ) се поднесува во рок од три години од настанување на дискриминација или подоцна од една година од денот кога оштетениот дознал за овој факт.

5. Физичките или правни лица против кои жалбата е поднесена се известуваат во писмена форма од страна на комесарот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

6. Комесарот не му наплаќа на подносителот за испитување на жалбата.

7. По приемот на жалбата, комесарот ги потврдува фактите. За оваа цел, комесарот може да побара од подносителот и лицето против кое се однесува жалбата да доставaт писмени поднесоци во рок од 30 дена од денот кога странките се информирани. Кога смета дека е неопходно, Комесарот исто така бара информации од кое било друго лице или извор.

8. Кога смета дека е соодветно, комесарот одржува јавно сослушување и ги повикува странките и сите други заинтересирани лица.

9. Кога смета дека е соодветно, комесарот бара да се постигне договор за помирување меѓу подносителот и лицето против кое жалбата е доставена.

10. Комесарот донесува одлука, која им се доставува на странките во рок од 90 дена од денот на приемот на жалбата, или ако се одржува јавна расправа во рок од 90 дена од денот на одржување на седницата. Одлуката содржи соодветни мерки и прописи, поставувајќи временски рок за нивно извршување.

11. Доколку комесарот изрече мерки, лицето против кое жалбата е поднесена, во рок од 30 дена го известува комесарот за преземените активности за спроведување на одлуката. Доколку лицето против кое е поднесена жалба, не го извести комесарот или не ја спроведе одлуката, комесарот изрекува мерка - парична казна за лицето против кое жалбата е поднесена. Паричната казна се укинува доколку лицето против кое жалбата е поднесена ја спроведе одлуката во рок од седум дена по изречената казна.

12. При одлучување, комесарот се грижи мерката да биде:

а) ефективна и превентивна; и

б) во согласност со состојбата која што го предизвикала изрекувањето на мерката. Ако се изрекува парична казна, комесарот ќе ја утврди висината на паричната казна, земајќи ги во предвид:

- природата и обемот на прекршокот и ефектот врз жртвата, и

- личните и финансиски околности на сторителот, особено земајќи ги во предвид сите извори на приходи, а ако прекршокот се извршува од страна на приватно правно лице, се земаат во предвид билансот на средства и профит, како и вкупни приходи.

в) доколку истата повреда дискриминира неколку лица, се изрекува само една парична казна, но водејќи сметка за барањата наведени под “б” во овој член.

13. Секое лице кое ги прекршува одредбите на овој закон се казнува со парична казна како што следува:

а) физичко лице, од 10.000 до 60.000 Лек;

б) правно лице, од 60.000 до 600.000 Лек;

в) физичко лице во правно лице кое е одговорно за прекршокот, од 30.000 до 80.000 Лек;

г) лице кое врши јавна функција и е одговорен за прекршок врз основа на овој закон, од 30.000 до 80.000 Лек.

14. Со Одлуката за изрекување парична казна се одредува разумен временски период кога тоа може да се плати.

15. Како крајно средство, особено кога физичкото или правно лице не се согласува со одлуката на комесарот или не ја плаќа глобата во рок од три месеци по рокот утврден од страна на комесарот, и санкцијата не е оспорена на суд, комесарот може да побара од надлежните власти да ја укинат или суспендираат дозволата или овластувањето на физичкото или правно лице за извршување на својата дејност.

16. Физичко или правно лице против кое е донесена парична казна има право на жалба до надлежниот суд во согласност со Кодексот за парнична постапка.

17. Паричната казна се депонира во државниот буџет.

## ГЛАВА VI

**Постапки пред судот**
**Член 34**

Субјекти кои имаат право да поднесат тужба за дискриминација

1. Секое лице или група на лица кои тврдат дека против нив се врши дискриминација за една од основите наведени во член 1 на овој закон може да поднесе тужба до надлежниот суд во согласност со дефинициите на Кодексот на парнична постапка за надомест на штета во согласност со законот или, зависно од случајот, да поднесат пријава пред органите надлежни за кривично гонење.
2. Поднесување на жалба пред комесарот не е услов за поднесување на тужба и тоа не претставува пречка за повреденото лице да му се обрати на судот или органите за кривично гонење.
3. Организација со законски интерес или комесарот може да поднесе тужба во името на некое лице или група на лица, под услов Комесарот или организацијата да има согласност преку посебен документ за застапување или преку изјава пред судот на лицето или групата на лица повредени од дискриминација.

**Член 35**
**Индивидуална одговорност**

Секој човек има одговорност врз основа на одредбите на овој закон, кога со неговите дејствијата или пропуштања извршил дискриминаторски чин во смисла на овој закон. Индивидуалната одговорност не ја исклучува одговорноста на државата или на приватно правно лице.

**Член 36**
**Постапката пред судот**

1. Тужбата се доставува до надлежниот суд од страна на еден од предвидените субјекти од член 34 на овој закон најдоцна во рок од пет години од денот кога се случил актот за кој се тврди дека е дискриминаторски, но не подоцна од три години од денот кога оштетениот дознал за овој акт.
2. Оштетениот нема обврска да го извести комесарот пред поднесување на тужба за дискриминација во судот.
3. Судот го известува комесарот за секоја поднесена тужба за дискриминација.
4. Судот може да побара од комесарот, во која било фаза на постапката, да достави писмено мислење, резултатите од неговата истрага ако истрагата е направена, или било која друга информација која е значајна за случајот.
5. Тужителот има обврска да донесе докази во поддршка на тужбата, користејќи секаков вид на законски докази кои можат да утврдат дискриминаторско однесување.
6. Откако тужителот поднесе докази врз кои го основа своето барање и врз кои судот може да претпостави дискриминаторско однесување, обвинетиот е должен да докаже дека фактите не претставуваат дискриминација согласно со овој закон.

**Член 37**
**Одлука на судот**

1. Со одлуката, судот утврдува надоместок доколку одлучи дека постои прекршување на овој закон, вклучувајќи и временски период за извршување на надомест на штета.
2. Одлуката на судот се доставува до сите заинтересирани страни, вклучувајќи го и комесарот.
3. Изрекувањето на мерки во согласност со овој закон не го исклучува изрекувањето на мерки во согласност со други закони.

**Член 38**
**Надомест на штета**

Надоместот на штета меѓу другото вклучува, корекција на законските прекршувања и на нивните последици преку враќање на претходната состојба, соодветен надомест за имотни и неимотни штети или преку други соодветни мерки.

## ГЛАВА VII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**
**Подзаконски акти**

1. Комесарот е обврзан да донесе Правилник за функционирање на канцеларијата во рок од три месеци од денот на неговото именување.
2. Советот на министри е обврзан да донесе подзаконски акти за спроведувањето на член 18 од овој закон во рок од шест месеци од неговото влегување во сила.

**Член 40**
**Влегување во сила**

Овој закон стапува на сила 15 дена по објавувањето во Службениот весник.

Објавен со декрет бр. 6433 од 24 февруари 2010 година на претседателот на Република Албанија, Бамир Топи.

Komisioneri për Mbrojtjen nga Diskriminimi

Commissioner for Protection from Discrimination


**КОМЕСАР ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**Ул. Сами Фрашери бр. 10, 2ри кат,**

**1019 Тирана, Албанија**

**www.kmd.al**

ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ISBN 978-92-9235-233-2

9 789292 352332 >

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
**Presence in Albania**